# Наставна содржина Продолжување на текстот „Двете ѕвезди“

Петко Домазетовски

(учебник страна 51)

# Двете ѕвезди

Петко Домазетовски

Две ѕвезди, светкави точки на небото, ѕиркаа помеѓу зелените лисја на јаболкницата. Тие како да се чудеа на сиромаштијата во нашата малечка куќичка. Ги гледав замечтаено низ прозорецот и им мавтав со едната рака за да ги повикам во мојата соба и да ја продолжиме играта.

Едната ѕвезда, светло окце во темната ноќ, трепереше како да го везеше мојот сон среде белите цутови на јаболкницата, додека другата палаво ми намигнуваше, напоменувајќи ми да не мечтаам толку многу. Не можев да го оттргнам погледот од нив, ги гледав мило и ги броев нивните треперења. Немаше поубави ѕвезди од нив.



Никогаш не сакав да легнам на време, потскокнував на креветот со желба да ги примам кај себе и често заборавав на својата вечера. А тие двете, насмеани се криеја зад лисјата и цутовите на високата јаболкница како да сакаа нешто потајно да си шепотат таму, но пак брзо се појавуваа од засолништето и ме занесуваа со своите игриви трепети.

Еднаш јаболкницата целата од корен се исуши. Лисјата ѝ светнаа и испопаѓаа како покосени. Ѕвездите повеќе не можеа да си играат криенка.
- Каде се ѕвездите? - често прашував, но не можев да добијам одговор од никого. Кој знае каде отишле? Кој знае сега кое дете им се радува на тие ѕвезди од моето детство!?



Внимателно прочитајте го текстот а потоа продолжете ја приказната за двете ѕвезди.

Создадете своја приказна според зададениот почеток.

Наставник: Маја Ѓорѓиевска
е-пошта: rusevska@yahoo.com